У-6 бр. 107/2024

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите:Ана Герасимовска претседател на советот, м-р Дитурије Елези Незири и Даниела Антовска - членови на советот, со записничар Биљана Димовска- помлад судски соработник решавајќи по тужбата на тужителот Оливер Давидовски од Скопје, изјавена против решението на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 08-34 од 29.02.2024 година,основ- пристап до информации од јавен карактер, на нејавна седница на советот одржана на ден 14.10.2024 година, согласно член 31 став 2 од Законот за управните спорови, донесе:

Примено / Pranuar 08. 11. 2024
Орг. Един / Njësia org: 08 | Број / Numri: 34 | Прилог / Pranoi | Вредност / Vlera

## Р Е Ш Е Н И Е

Тужбата на тужителот Оливер Давидовски од Скопје, изјавена против решението на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 08-34 од 29.02.2024 година, СЕ ОТФРЛА КАКО НЕУРЕДНА.

Барањето на тужителот Оливер Давидовски од Скопје, за надомест на трошоци во управен спор, СЕ ОДБИВА .

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 11.03.2024 година, тужителот, поднесе тужба до овој суд против решението на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 08-34 од 29.02.2024 година.Тужбата се заведе под У-6. бр.107/2024.

Постапувајќи по тужбата, судот утврди дека, содржи недостатоци поради што, Судот не може да постапува по истата, па со писмено У-6. бр. 107/2024 од 19.03.2024 година се обрати до тужителот со барање, да ја уреди тужбата согласно член 25 од Законот за управни спорови во рок од 5 дена од приемот на тоа барање, да ја уреди тужбата на начин што ќе достави доказ за платена судска такса за тужба,а во спротивно, судот ќе ја отфрли тужбата.

Писменото задолжение за уредување на тужбата на овој суд У-6. бр. 107/2024 од 19.03.2024 година, до тужителот, кое го примил на ден 26.03.2024 година, но не постапи по задолжение на судот.

Врз основа на наведеното, а имајќи предвид дека тужителот до денот на одлучувањето не ја уреди тужбата со задолжителните елементи, Судот согласно член 31 став 2 од Законот за управните спорови реши:

Тужбата да се отфрли како неуредна.

Согласно член 25 (1) од овој закон, Тужбата мора да биде разбирлива и да содржи: 1) Назив на судот пред кој се поднесува,2) Лично име, односно назив и адреса, односно седиште на тужителот со единствен матичен или даночен број, како и е-меил адреса и контакт телефон на тужителот,3) Назив на туженииот,4) Наведување на оспорениот акт, односно управен договор или опис на бараното дејствие,5) Вредноста на предметот на спорот,6) Тужбено барање,7) Обем во кој се оспорува поединечниот управен акт, дејствието или управниот договор (целосно или делумно), 8) Причини за поднесување на тужбата во врска со главната работа и споредните барања,9) Факти и докази на кои е засновано тужбеното барање,10) Потпис на тужителот,11) Доказ за платена судска такса.(2) Ако со тужбата се бара враќање на

предмет или надомест на штета, се наведува и барањето во поглед на предметот или висината на претрпената штета.(3) Оригиналот или заверениот препис од оспорениот акт, управниот договор или доказ за постоење на актот треба да бидат приложени кон тужбата. Во случај кога се поведува управен спор поради недонесување на акт или непреземање на дејствие во пропишаниот рок, доказите за времето на поведување на управната постапка или поднесување на барањето треба да бидат приложени кон тужбата.(4) Тужбата и прилозите се поднесуваат во најмалку три примероци.

Согласно член 31 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Макеоднија" број 96/2019), Доколку тужбата не ги содржи задолжителните елементи од член 25 став (1) од овој закон или е нејасна, судот ќе побара тужителот да ги отстрани таквите недостатоци во одреден временски рок што судот ќе го определи, и истиот ќе биде опоменат за последиците од непостапување согласно напатствијата на судот.

Според ставот 2 од истиот член и закон, Доколку тужителот не ги отстрани недостатоците во определениот рок, а природата на недостатоците го спречува судот во постапувањето по предметот, судот ќе донесе решение со кое ќе ја отфрли тужбата како неуредна, освен во случај кога ќе утврди дека оспорениот управен акт или договор е ништовен.

Во конкретниот случај, видно од списите на предметот, Судот најде дека тужителот не постапи по писмено за уредување и не ја уреди тужбата согласно член 25 од Законот за управните спорови со задолжителни елементи, ќе достави доказ за платена судска такса за тужба, тужителот уредно и лично го примил писмото за уредување на тужба, на овој суд У-6. бр. 107/2024 од 19.03.2024 година до денот на одлучувањето не изврши уредување на тужбата поради што Судот согласно член 31 став 2 од Законот за управните спорови, одлучи како во изреката на ова решение.

Барањето на тужителот за надомест на трошоци во управен спор, Судот го одби како неосновано од причина што во конкретниот случај постапката по тужба се запира, секој од странките ги сноси своите трошоци во постапката согласно член 86 став 3 од Закон за управни спорови, и се одлучи како во став 2 од изреката на ова решение.

Решено во Управниот суд, на ден 14.10.2024 година, под У-6. бр.107/2024.

Записничар - помлад судски соработник
Биљана Димовска

Претседател на совет - Судија
Ана Герасимовска

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот преку овој суд до Вишиот управен суд.

Решението да се достави до:
- тужителот
- тужениот орган

Претседател на совет - Судија
Ана Герасимовска

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник

УПРАВЕН СУД – GJYKATA ADMINISTRATIVE – SHKUP – 14 – REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ББ/